**ТД МАКОШПЕД АД**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје и член 383 ст.1 т.3 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 20.05.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

***за избор на членови на Одбор на Директори на ТД Макошпед АД Скопје***

**Член 1**

На членовите на Одборот на Директори на ТД Макошпед АД Скопје :

1. Лидија Трајковиќ - Неизвршен член -Претседател на Одборот
2. Марија каранфиловиќ - Извршен член
3. Гоце Димитриоски - Независен член
4. Никола Лазаров - Неизвршен член

им престанува мандатот за кои биле избрани со Одлука на Собрание на акционери.

**Член 2**

За членови на Одбор на Директори на ТД Макошпед АД Скопје за период од четири години сметано од донесувањето на оваа одлука се избираат:

1.Гоце Димитриоски (независен-неизвршен член)
2.Лидија Трајковиќ (неизвршен член)
3.Марија Каранфиловиќ (неизвршен член)
4.Никола Лазаров (неизвршен член)

**Член 3**

Неизвршните членови на Одборот на директори за своите активности и учество во работата на Одборот на директори ќе добиваат месечен надомест во нето износ од 6.000,00 денари.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

*Годишното Собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД Скопје согласно Статутот на Друштвото и Закон за трговските друштва поради истек на мандатот на досегашниот состав на Органот на Управување, по предлог на Акционерите на Друштвото врши избор на нови членови на Одбор на директори со мандат во траење од 4(четири) години со месечен надомест од 6.000,00 денари. Годишното Собрание на акционери во рамки на своите овластувања донесе Одлука како во диспозитивот.*

Број 02-141/6
20.05.2021 год

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач,**

Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет
МАКОШПЕД
АД-СКОПЈЕ